# ПО ПОВОД ДИСКУСИЈАТА ВО „ГОДИШНИОТ ЗБОРНИК“

*До Советот на Филозофскиот факултет*

*Скопје*

Задолжени од Факултетскиот совет да се искажеме за дискусијата што се поведе во Годишниот зборник околу работата на проф. Ѓ. Шоптрајанов „Библиотеката на Јордан Хаџи-Константинов Џинот“, од кога ќе ги провериме лично изнесените тврдења, го претставуваме следното како единствен наш заклучок, донесен по разгледувањето на споменатата работа на Шоптрајанов и на дискусионите написи во врска со неа, а при споредување со фактичката состојба на библиотеката на Џинот која ни стои на располагање.

1. Описот на книгите за кои проф. Шоптрајанов смета дека се останати од Џинот е даден нестручно и неодговорно. Тоа се гледа од такви факти што една иста книга се опишува на по неколку места, што речникот на Пуљевски се внесува во српските книги, а Илијадата во латинските, што има многу грешки, од различен вид, во предавањето насловите на книгите итн. Поради горното сметаме дека е за жалење што е напечатена вопросната работа на Шоптрајанов во Годишниот зборник на нашиот Факултет.

2. Критиката на проф. Х. Поленаковиќ, во која се укажани многубројните грешки и пропусти, беше нужна и наместо, така што одговорот на проф. Шоптрајанов ништо не придонесува за установување на вистината.

Го молиме Советот, оваа наша констатација да биде напечатена во Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје и со тоа да се смета завршена дискусијата по работата на проф. Шоптрајанов на страниците од Зборникот, како што е впрочем тоа решено и од страна на Редакционият одбор.

Скопје, 20. X. 1952 год.

*Димче Коцо,* вонреден професор
*Блаже Конески,* вонреден професор
*Крум Тошев,* доцент